## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Третото продолжение на Сто дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 март 2006 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 128-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Иван Анастасовски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Сашо Дохчев, Рафет Муминовиќ, Томе Тромбев, Ванчо Ѓоргиев, Али Ахемти, Теута Арифи, Фазли Велиу, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Абдуладi Вејсели, ме известија дека се соречени да присуствуваат на седницата.

Предлог на изборен законик .

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 46 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојановски,Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници, мене ми е жал што толку пратеници се присутни овде. Еве, од ВМРО-Народна партија веќе доаѓаат. Другите пратеници како изгубени во вселената , говорам за опозицијата. Астронаутите ги нема претседателе, треба да се присоберат, или се изгубени во вселената некаде. Во вселената, тоа е поширок поим. што би рекле изгубени во вселената. Но, јас ќе си кажам тоа што мислам дека треба да го кажам. Туак се господата од Министерството за правда. Значи, амандманот 18 на пратеничката група на ВМРО-Народна партија вели вака: Во членот 46 по ставот 1 се додава став 2, нов став 2, кој гласи, значи тоа е став 2 на член 46, господка од Министерството: Посебни изводи од избирачкиот список се изготвуваат и за спроведување на гласањето на лицата кои се на привремена работа и престој во странство. Привремена работа значи доживотна работа. И за жал ни се случува една работа која е непожелна за македонците, тие што отидоа на привремена работа, остануваат цел живот таму. И првата и втората и треттата генерација на Македонци кои го заборааат и потеклото од каде им е, така што овој термин во иднина можеби е лошо да се употребува. Најверојатно ќе мора да најдеме нов термин: иселени Македонци, чии корени се овде. Инаку, во принцип јас сум човек кој би размислувам поинаку за оваа работа. Јас го потпишав амандманот, затоа што во моментов нема клима за едно поинакво размислување , а тоа да е , сите Македонци по род да имаат право да гласаат во сопствената матична држава Република Македонија.

Зошто го понудивме овој амандман господа? Од едноставна причина многу логичка и која сметам дека не треба во старт, амандманот на член 46, став 2, овој амандман. Понеделнички некако атмосферата е неконструктивна, би рекол. Значи во старт не е добро што се одбива овој амандман од едноставна причина што тоа ми личи на категоризација на луѓето, значи луѓе обележани со ѕвездички и луѓе необележани. Тоа ме потсетува на еден мрачен период во Европа од 1941 до 1945. И затоа го предлагаме овој амандман каде што сите оние кои се обележани со ѕвездичка т.е. оние кои вие ги обележавте со ѕвездичка, да стојат на посебен список од едноставна причина да имаме чист и јасен преглед на работите. Дека како категорија на луѓе тие се во општиот избирачки список со право на глас доколку дојдат овде да гласаат. Многу лошо делува и за нив, претпоставувам и за нас. Затоа направив парадигма, или пример со настаните 1941-1945 година, каде што ги обележуваа луѓето, не со петокраки и ѕвезди, туку со шестокраки, така што тоа како тренд е многу лошо и ќе морате да барате нов модус, нов начин на решавање на ваквите проблеми. А ние во моментот тоа ви го нудиме тоа да биде еден посебен избирачки список каде што компјутерски можете да го направите многу едноставно и просто, сите оние што се обележан со ѕвездички веднаш да ви ги исфрлат како списоци и да имате посебен избирачки список. Тоа е фактички поенатата на овој амандман. Сметам дека амандманот не само што е издржан, туку треба да биде прифатен од вас заради сеопштата атмосфера во државата . Буквално мора да се води сметка за секој сегмент за да добиеме квалитетен изборен законик.

Вториот момент кој е многу битен, значи да немаме гласачи од прва и втора категорија, туку сите да сме еднакви без при тоа да ги обележуваме со ѕвездички. Сите досегашни избори покажаа на низа нерегуларности баш од таа група на граѓани кои се "на привремена работа во странство", кои за жал немаат намера да се вратат во матичната татковина Република Македонија и користејќи го нивното отсуство, некој во нивно име гласа, заокружува и ја добиваме сликата која ја добиваме. Впрочем препораките на ОБСЕ и на ОДИХР се однесуваат барем 90% на оваа категорија на луѓе. А како најделикатни, или најпроблематични овие забелешки се однесуваа на гласачите од северо-западниот регион на Република Македонија. Процентуално ако можам да се изразам, тоа е некаде 95% од сите можни нерегуларности во Република Македонија се случуваат буквално на тој терен, затоа што има масовна злоупотреба. Тие луѓе не доаѓаат, некој доаѓа групно гласа, гласа во нивно име. Значи, со еден ваков

избирачки список не само што не ќе можат покрај сета контрола која се прави, за да имате вие и појасен преглед, а ќе може и да се провери таа работа. Претпоставувам дека сите сегменти на извршната власт ќе бидат вклучени во овие изборни процеси, затоа што во последниве три дена се изнаслушав дека изборите треба 110% да бидат регуларни. Тој процент не постои, дај боже нека се 90% регуларни, сметам дека ќе биде во ред. Но, како што тргнаа работиве барем од она што го гледаме на терен, не сум баш голем оптимист. И ме плаши не изборниот резултат, ме плаши што ќе биде со судбината на Република Македонија, дали ќе треба да чекаме уште 10 до 15 години за да влеземе во предворието на Европската Унија, вклучително и на НАТО. Тие работи се компатибилни една со друга, иако се работи за политички одлуки и за добра волја, се надевам дека пред тие процеси барем тие што не не сакаат многу, нема да најдат за сходно да не стопираат во тој пат, иако прават напори, тие се гледаат. Но, се надевам дека со добра стратегија, со добра волја и максимално ангажирање и на нас пратениците сега, а тоа нема да се случи сега, некои идни генерации ќе успееме да влеземе онаму каде што е и нашиот македонски стремеж. Кога вела македонски, говорам за Република Македонија како држава, а сите се граѓани на Република Македонија. Затоа велам, македонски стремеж, некој да не ме свати погрешно. Значи, да не ни се случуваат разно разни далавери на изборите и флагрантно кршење на избирачкото право, примери можам да ви набројам колку што сакате во овој момент. Од практика она што успеав да го видам, она што успеав и да го слушнам, она што многу пати е и потврдено од релеватни фактори домашни и странски, пред се тука мислам и на ДИК во минато време. Кажуваа таму и таму се случува тоа, имало новинарски извештаи дека на многу места се вршеле разни нерегуларности пред се во делот на луѓето кои не се присутни овде. Бидејќи сите се пазат што ќе заокружат, не можат да заокружуваат луѓе кои се присутни во одредено место на живеење, затоа што постои страв кога ќе дојде да гласа ќе биде заокружен, а фактички човекот не гласал. Значи, се користи она обележано што е со ѕвездички. Штом го нема на денот на изборите, значи не е тука, тој ќе може да се заокружи, а никој не проверува дали е тука. Затоа ние бараме еден посебен дел да се одвои за да имаме појасен увид, да имате вие појасен увид и утре никој да не може да манипулира да рече дека изборите се фалсификат, изборите се нерегуларни за да во тој иден парламент никој не влезе обременет дека повторно нешто задкулисно се случува. Затоа го нудиме ова логично решение, а во пракса не е тешко да се направи, тоа ќе бидат два списока за жители на Република Македонија кои се дома и тие кои се на" привремена работа надвор". Тој едноставно просто ќе дојде ќе се прочита, ако го нема во обичниот список ќе го видиме во другиот список, а ако е тука се потпишува, си заокружува и работата се завршува. При тоа при овие можни нерегуларности некој веќе гради алиби дека идните избори ќе бидат нерегуларни доколку не победат, што е многу лошо за сеопштата наша клима и таквата работа мене не ми се допаѓа. Сметам дека нашите напори ќе се движат во еден правец изборите да бидат максимално регуларни. Тоа е што се однесува до ВМРО-Најродна партија, не знам другите политички субјекти како ќе се однесуваат. Претпоставувам дека сите ги слушаат препораките што доаѓаат од Европа. Мислам дека тука ќе треба цврсто да се држиме до тоа. Значи, за да нема нерегуларности и да не добиеме една сосема искривоколчена слика овде во самиот Парламент, затоа што нерегуларните избори, вишокот на гласачи ќе значи една нереална парламентарна слика. Да добиете број на пратеници кој фактички никогаш нема да се добијат освен по пат на фалсификат, а тоа значи да се заокружат луѓето кои не се присутни во државата.

За да ја поткрепам сета оваа работа, еден класичен пример од мојот случај господа, во 2002 година, јас не влегов во првиот состав, значи не влегов за 300 и кусур гласови, точно и не знам колку беа, па пишував разни жалби, не знам што, тие матракуки што би рекол нашиот народ писанија. Значи, требаше да има прегласување во Хотелот "Кристал" од луѓето кои од Липковскиот крај беа преселени таму по сила на нештата, се случуваше војна. ДИК ги поништи изборите затоа што беа во првиот круг нерегуларни. Но, имате една друга работа која е многу интересна. Таму по втор пат воопшто не се одржа гласање. Значи на некој начин јас сум исфрлен нерегуларно. Се зедов самиот себе си за пример за да ви кажам што се случувало. И во нормална држава, не како нашава македонска која работи под некои чудни критериуми, јас ако покренев постапка, сето она што ќе значеше мое отсуство од овој Парламент, затоа што со 25 пратеници влегол апсолутно нерегуларно овде, затоа што немавме гласање на 1.500-1.600 гласачи , а можеби од 1600 гласови 350, 360 гласови ќе добиев, ако не повеќе. Значи, ќе бев пратеник во 2002 година. Зошто тоа е направено, зошто ДИК си игра со сопствениот интегритет, тоа е мојот е личен пример. Јас пишував еден куп жалби и поплаки до ДИК по налог на партијата, не што имав некој посебен мерак. Ја знам причината зошто беше да нема повторни избори, но тоа не е ни битно. Такви работи не смеат да се случуваат. Затоа се земам себе си како пример, за да не стане некој од вас па да ми каже Флоровски ти лажеш, ти манипулираш. Тоа е личниот пример со мене.

Имате примери во западниот дел од Македонија во една општина, еве претседателот многу пати и често ми вели да не спомнувам имина и презимиња, нема да ја спомнам општината. Имавте вакви примери, имавте двајца кандидати, а резултатот беше 13.000 спрема 0. Земете ги резултатите од последните избори 2002 година и ќе фатите за глава. Како може 13.000 спрема 0. Тој што се кандидирал, па се распрашав колку души се, женет ли е, има ли деца, има ли семејство? Замислете кандидатот под реден број

2 не гласал за самиот себе. Ако не повеќе, ако сум јас кандиат, самиот ќе се заокружам, затоа што изборите се тајни. А по логика на нештата жената и роднините ќе гласаат. Значи, имате резултат 13.000 : 0. И на европјаните кога ќе им понудите ваква работа и кога ќе ја видат сега, не дај боже на овие избори да се случат такви работи, ќе ви кажат: господа вас не ве бива за избори, а не за Европска Унија. Тоа ќе ви го кажат, бидејќи го знам нивниот однос спрема нас каков е, како се однесуваат.

Претседателе, сега едно е договор во четири очи кој никој не го слуша, а друго е јавно кажан збор. Тука некој се договарал да биде присутен, па го нема. Јас ви реков декаќе бидам краток и дека временскиот термин не можам да го одредам. Ми доаќаат идеи, па се надоврзувате. Не сум приврзаник на стереотипи , дајте ќе говориме пет минути. Па најубаво е вака да направиме, да говориме по една минута, да ја завршиме работата. И покрај сето почитување што го имам, издржете уште малку, знам дека е тешко на овие клупи, знам не е едноставно, имате луѓе со разни карактери пратеници. Но, битно е она што значи добра волја. Јас кога влегов, дојдов ве поздравив. Значи, понеделнички почнуваме со знак на добра волја, со една позитивна енергија која е многу пожелна во вакви моменти. И ние сме присутни овде тоа да го створиме како амбиент, а не да држиме разно разни ПРЕС конференции, при тоа да не излеземе овде да ги погледнеме господава во очи и да полемизираме. Ако ни е полесно на ПРЕС конференции, нека тераат, нека им е со среќа, па овој народ како ќе гласа, нека гласа. Тоа што ќе си гласа, тоа ќе се преслика овде, освен ако нема заокружувања на слепо и групно гласање . Се имам изнавидено ситуации да ви се крене коса на глава. Уште пред да влезе на гласање, под рака ги фаќаат и ги носат да гласаат групно. Тоа се страшни нешта. Така нема во Европа.

Втората работа, која како сознание во контекст на овој амандман, а тоа е амандманот 18. Господа, ако може ова што го зборувам, го зборувам за вас, затоа што ќе треба да стиснете копче кој за, кој против, па се обидувам да ве убедам дали ова што го говорам држи или не држи. Ова помалку се однесува на македонската јавност, повеќе се однесува на луѓето кои овде партиципираат. Ние треба заеднички да гласаме. Имаме разно разни комбинации од дневно политички интерес, како што имавме пример на претседателските избори. Имавме двајца кандидати, па на одредени места, да не ги спомнувам, ги имам запишано, имаше гласање паритетно, рамноправно и за едниот и за другиот, и волкот сит и овците на број.

Одам на една многу проста математичка пресметка, не пледирам да бидам математичар како претседателот, го немам тој математички капацитет, морам да признам. Имаме една ваква ситуација. Според последниов Службен весник на Република Македонија, некаде се објавуваат списоци и вели од 0 до 18 години во Република Македонија имате 580 илјади лица. Значи, тие 580 илјади лица немаат право да гласаат, затоа што не се полнолетни. Таа е проста математика. Притоа, на последниве претседателски избори имавте некаде милион 760 и кусур посто на гласачи, тоа мислам дека беше во 2004 година, најверојатно, тој тренд е зголемен. Многу станаа полнолетни од тие што беа малолетни, што значи исполнија право на глас. Кога ќе ја сумирате бројката од милион и 770, ја заокружувам, иако таа бројка е поголема, во проценти некаде излегува 89% на можни гласачи. Тој тренд мислам дека во Европа никаде го нема и во држави со послаб или помал наталитет од нашиот, каде што веќе морталитетот е поголем од наталитетот и добивате, господа, дека Македонија, кога ќе ги соберете овие бројки, има 2 милиони 350 илјади жители. Последниот попис покажа дека има 2 милиона и 37 илјади жители. Значи, се јавува бројка од некаде 320 илјади вишок. Бројката која што ја спомнав овде во минатиот говор, според друг амандман дека се движи  некаде од 150 до 200 илјади жители, сега имаме една сосема друга бројка од 300 илјади и кусур луѓе. Значи, Македонија, тогаш или при пописот е направена грешка или е нешто друго во позадината, не знам.

Оваа математика ми дава за право да се сомневам дека работите нема да бидат баш чисти и регуларни.Што е најчудно пак, имаме многу, наместо тие 2 935, на многу места имаме излезеност на гласање 100%, што не е можно. Претпоставувам дека на тоа гласачко место кое брои некаде околу 900 до 1000 души, еден барем е настинат, грипосан, па не излегол да гласа, или има температура. Тука имате 100% гласање. Значи, овие примери ви ги бројам, за да не може утре некој да ви удира пацки вас како Министерство. Претпоставувам дека кога вас ќе ве критикуваат, тоа се однесува на целокупната влада, затоа што господинот Бучковски јасно даде до знаење пред Шефер дека ќе прави максимални напори изборите да бидат регуларни барем 100%. Тој на шала, на смеа ни кажа дека треба изборите да бидат регуларни 110%, но јас реков и 90% да се регуларни, тоа ќе биде успех за Македонија.

Значи, а тука и ќе привршам претседателе, затоа бараме посебен список на сите оние кои се надвор да имаме, поточно да имате, една јасна претстава, за да утре не ве обвинуваат, за да утре некој не ги прогласи изборите нерегуларни, иако веќе има еден тренд дека ако не ги добиеме изборите, значи, нешто се случувало. Лошо е луѓето да ги обележувате со ѕвездички. Не е добро. Затоа што, ѕвездичките како симбол некој ги носел на глава, некој ги носи во срце, за жал, но тоа е тренд, да не кажам наследство од минатото. Но, тоа е нивна определба дали некој ја сака ѕвездата, дали некој го сака лавот, дали некој ја сака ружата. Јас сум приврзаник на македонскиот лав како хералдички симбол и приврзаник сум на ѕвездата  односно шестокраката, не петокраката, која во одреден временски период од 1946 година, па до 1990 година зад плаштот на таа ѕвезда направија низа, да не кажам потежок збор, низа на ѕверства,

криејќи се зад таа ѕвезда. Но, при тој мој говор претседателот не реагираше. Жестоко настана мала реплика овде, но симболот си е симбол, тргнете го настрана и дајте еден посебен список, за да имаме чиста ситуација, за да ви биде и на душата лесно и на вас и на нас, за да имате чиста совест. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

10 минути за кворум веќе течат.

(10-те минути за кворум поминаа)

Седницата ја прекинувам.

Новото продолжение ќе биде во 13,00 часот.

Ве известувам да го искористите ова време да појадувате или да ручате, бидејќи нема да има пауза за ручек, освен ако некој не побара пауза од вас.

Продолжението го закажувам во 13,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 11,43 часот)